**Известување за концентрација со која Мејнстрим информатички технологии д.о.о. Република Словенија, Г. Алексеј Крањец, државјанин на Словенија, и Г. Роберт Пух, државјанин на Словенија ќе стекнат заедничка контрола врз друштвото ХЦ Центар д.о.о. Република Словенија (предмет бр. 08-133/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 19.09.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Мејнстрим информатички технологии д.о.о., со седиште на Брнчичева улица 49А, 1231 Љубљана, Словенија, Г. Алексеј Крањец, државјанин на Словенија, и Г. Роберт Пух, државјанин на Словенија, имаат намера да стекнат заедничка контрола врз друштвото ХЦ Центар д.о.о. со седиште на Леталишка цеста 32В, 1000 Љубљана, Словенија,

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Мејнстрим информатички технологии д.о.о.** е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс (BC Partners), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневното управување на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 17, 1-001/ Скопје - Центар, Северна Македонија, кое се занимава со дејности на дистрибуција на медиумски содржини преку DTH технички платформи,

ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Коста Веселинов бр. 5-1 локал 2/ Скопје- Центар, Северна Македонија, кое се занимава со маркетинг дејности, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми, и

УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 14, Скопје - Центар, Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

г. Алексеј Крањец и г. Роберт Пух се државјани на Република Словенија кои пред спроведувањето на Предложената трансакција имаат заедничка контрола над Целното друштво ХЦ Центар.

г. Алексеј Крањец и г. Роберт Пух не поседуваат друштвото во Северна Македонија и немаат остварено било каков приход во Северна Македонија.

**Целното друштво ХЦ Центар** е друштво со ограничена одговорност основано во 2001 година во Љубљана.

Основната дејност на Целното друштво е интеграција на IT системи, односно обезбедување на IT услуги, како што се услуги поврзани со сервери и мемориски системи, услуги поврзани со центри за податоци, одржување на сервер за е-пошта, решенија за бекап (backup) на податоци, како и IT безбедност и слично. Дополнително, Целното друштво обезбедува веб хостинг и клауд (cloud) услуги (под брендот ХЦ Клауд (HC Cloud)).

Целното друштво нема зависни друштва во Република Северна Македонија и во претходната година остварило незначителен приход во Северна Македонија.

Според подносителот релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можел да се дефинира како ***пазар за обезбедување на IT услуги , пазар за обезбедување на клауд (cloud) услуги; и пазар за обезбедување на веб хостинг услуги.*** Што се однесува до географскиот опфат на релевантниот пазар за концентрација, Подносителот смета дека релевантниот географски пазар би можел да се дефинира како ***територијата на Република Северна Македонија***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

**26.09.2024 година**
**Скопје**